# Народна песна- Црна се чума зададе

Црна се чума зададе

Црна се чума зададе,
там долу Демир Капија ,
там долу Македонија.
Кој ќе се јунак избере,
чумата да ја пропади,
од жална Македонија.
Избрал се Делчев војвода,
со својта верна дружина-
комити,млади јунаци.
Прва ми пушка пукнала,
удри го Делчев војвода,
в левата страна срцето.
Тогај се Делчев извикна:
-Дружино,верна зговорна,
кога ќе дома појдите,
мајка ми ќе ве пречека,
за мене ќе ве запраша:
„Каде е Гоце војвода,
каде е кукушкиот војвода?“
А вие да и речете:
„Син ти се бабо ожени,
За мома Македонија.“

Додека ја следиш изведбата на народната песна „Црна се чума зададе“,обиди се да го замислиш Гоце Делчев ,најголемиот македонски револуционер, во последните мигови од својот живот .

Прочитај го прашањето,а потоа со влечење стави го соодветниот одговор под него.

Каде е роден Гоце Делчев?



Каде загина Гоце Делчев?

с.Баница

с.Кукуш

Скопје

Каде се наоѓа гробот на Гоце Делчев ?



LIVEWORKSHEETS

LIVEWORKSHEETS